ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор - општински инспекторат
Одделение за комунална инспекција и инспекција на животната средина

ПОКАНА - ЗА ПЛАТЕН НАЛОГ
за наплата на глоба за сторен прекршок
за правно лице

Врз основа на Законот за прекршоци се определуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции се пропушува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно врз основа овој и друг закон органите на државната управа или организациите и другите органи што вршат јавни овластувања надлежни за изрекување на прекршочни санкции.

Сторителот е должен да ја уплати глобата во рок од осум дена од денот на врачување на платниот налог на **сметка 840 103 05220 приходна шифра 718134 со повикување на број 51** и оригинал од уплатницата да достави на адреса „Булевар 1-ви Мај“ бр. 61 Битола.

ПРАВНА ПОУКА

Доколку одговорното лице во правното лице го плати платниот налог во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, сторителот на прекршокот правното лице плаќа половина од висината на глобата утврдена во платниот налог што е во висина од 1000 Евра.

Доколку платниот налог се плати во рок предвиден од платниот налог правното лице не ги плаќа трошоците во постапката.

Доколку во рок од осум дена од денот на потпишување на платниот налог правното лице не ја плати глобата даночниот инспектор против лицето е должен да поднесе барање за поведување на прекршочната постапка до Основниот суд во Битола.

Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.

НАПОМЕНА

Во случај кога платниот налог се доставува по пошта, а сторителот се согласува да се започне постапката за порамнување и да го плати платниот налог е должен во рок од два дена од денот на приемот на платниот налог да го потпише истиот и еден потпишан примерок да го достави до даночниот инспектор на адреса ул. Булевар 1-ви Мај бр.61 Битола, доколку пак не се согласува да го потпиши платниот налог даночниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 352 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk